## ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ 1893 -1903 год.)“ ВО СКОПЈЕ

На 3 јули 1981 година во Клубот на новинарите на СРМ во Скопје во организација на НИО „Студентски збор“ во присуство на бројни општествено-политички и научни работници од МАНУ, Филозофскиот факултет, ИНИ, Архивот на СРМ, како и претставници на боречките организации од Прилеп и Македонски Брод — беше одржана промоција на монографијата „Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903)“ од д-р Димитар Димески, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје. Книгата ја промовира академикот Љубен Лапе.

Александар ИЛИЕВСКИ

## Димитар ДИМЕСКИ — добитник на наградата „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ во 1982 година

Д-р Димитар Димески, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје, е годинашен добитник на наградата „Гоце ДЕЛЧЕВ“. Ова високо републичко општествено и научно признание му е доделено на 4 мај 1982 година за монографијата „Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903 год.)“.

Наградата му е врачена на 21 октомври 1982 година.

Методија МАНОЈЛОВСКИ